**ОПШТИНА РЕСЕН**
**БР. 17-1514/2**
**18.07. 2023 год**

## ПОКАНА ЗА ДОСТАВА НА ПОНУДА
### За подготовка на текст и фотографии за промотивни материјали

### Општина Ресен, Република Северна Македонија

**Почитувани**

Со задоволство Ве покануваме да ја доставите Вашата понуда за извршување на услуги за подготовка на текст и фотографии за промотивни материјали за потребите на Општина Ресен.

Општина Ресен како договорен орган ќе склучи договор со избраниот понудувач за **услуги за подготовка на текст и фотографии за промотивни материјали** со што ќе се помогне во имплементација на Проектот „Преспански Јаболкобер 2023", финансиран од SWG и ГИЗ во рамки на Проектот „Промоција на Економска Диверзификација во руралните области на Југо Источна Европа (СЕДРА II)- Јакнење на капацитетите на вредносниот синџир во земјоделието и руралниот развој за промоција на можностите за рурално вработување со **Договор за финансирање бр. 082-23-SWG.**

**За таа цел следните услуги треба да бидат испорачани :**

- **Изработка на фотографии со следните карактеристики**

1. Максимална големина од 9 до 20мб
2. Резолуција на фотографијата од 20 до 24mp
3. Да бидат фотографирани со професионален ДСЛР, Фулл Фрејм или Миролес апарат.
4. Да не бидат дополнително обработувани
5. Со секоја фотографија треба да се достави и локацијата и името на објектот/природната атракција која е фотографирана и нејзин опис на македонски и англиски јазик со максимум 50 збора.
6. Фотографиите не треба да бидат постари од 3 (три) месеци
7. За секоја локација треба да се изработи QR CODE кој ќе ја отвара дадената локација во GOOGLE MAPS
8. Фотографиите да се изработат во рок од 45дена

*The contents of this document are the sole responsibility of the applicant and can under no circumstances reflects the position of SWG, German Cooperation and GIZ.*

На јавниот повик право да учествуваат имаат сите заинтересирани правни и физички лица.

**Со понудата од физичко лице, да се достави :**

- Изјава за авторско право над фотографиите, во согласност со Законот за авторско право и сродните права ("Службен весник на Република Македонија" бр. 115/10, 140/10, 51/11, 147/13, 154/15 и 27/16) и
- Изјава дека фотографиите не се претходно објавувани или користени за други цели.

**Со понудата од правно лице / компанија да се достави:**

- Изјава од авторот на фотографијата,
- Изјава за ставање на авторски права за доставените фотографии на компанијата која располага со истите,
- Изјава дека фотографиите не се претходно објавувани или користени за други цели,
- Решение за регистрација ДРД образец и
- Потврда за платени даноци, придонеси и други давачки од надлежен орган.

Понудите да се доставаат **до Општина Ресен, Плоштад Цар Самоил бр.20 , 7310 Ресен, најдоцна до 31.07.2023 година**, со назнака **„ Достава на понуда за подготовка и фотографии за промотивен материјал " реф.бр. 17- 1514/2**

**Локации кои треба да се фотографираат се следните:**

**Ресен**
Сарај на Нијази Бег (внатре и надвор),
Црква Св. Ѓорѓи (внатре и надвор),
Црква- Св. Кирил и Методиј (внатре и надвор),
Гимназија Цар Самоил (внатре и надвор),
Плоштад „Цар Самоил",
Улица „11-ти Октомври"

**Јанковец**
Манастир Успение на пресвета Богородица (внатре и надвор),
Црква Св. Јован (внатре и надвор),
Црква Св. Никола (внатре и надвор)

**Крушје (**Споменикот на Илинденските Херои Дело)

**Болно -** Црква Св. Атанасиј (внатре и надвор) , Куќата на македонскиот херој Мите Богоевски (внатре и надвор) , Црква св. Наум Охридски" (внатре и надвор)

**Евла -** Црква, Св. Спас Евла

**Отешево -**Споменикот на преспанското советување дело

**Стење -** Плажа Стење

**Којнско**

[redacted]

german cooperation
DEUTSCHE ZUSAMMENARBEIT

giz

Манастир Св. Илија Лиса (внатре и надвор) ,
Плажа Којнско

**Подмочани**
Етно музеј Етнолошки музеј (внатре и надвор),
Црква Св. Петар и Павле (внатре и надвор),
Преспански Крст во склоп на црквата Св. Петар и Павле ,
Црква Св. Петка (внатре и надвор)

**Грнчари** - Манастирски комплекс Св. Илија (внатре и надвор)

**Курбиново** - Црква Св. Ѓорѓи- 12 век Свети Ѓорѓи (внатре и надвор)

**Претор**
Сакрален објект Св. Сава
Плажа Претор

**Сливница**
Св. Богородица (внатре и надвор)
Видиковец Сливница
Плажа Сливница

**Крани** - Плажа Крани

**Наколец** - Плажа во Наколец

**Брајчино** - Манастир Света Петка од 14 век (внатре и надвор)

**Љубојно**
Второто училиште по македонски јазик во Македонија Манастир
Свети Атанасиј (внатре и надвор)
Црква „Св. Петар и Павле“ (внатре и надвор)

**Долно Дупени**
Граничен премин, Маркова Нога
плажа Долно Дупени
Св. Атанас (внатре и надвор)
Св. Архангел од 14 век (внатре и надвор)

**Природни убавини:**
Национален парк Галичица,
Национален Парк Пелистер ,
Патеката на „Светите Води“
Паркот на природата Езерани
Преспанското Езеро од повеќе локации
Панорамска фотографија на Ресен

**Градоначалник**
**Јован Тозиевски**